**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**„ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА“**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18) и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и 101/19), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот

1. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/12, 50/13, 71/14, 223/15, 218/16 и 221/18), во точката 6 потточката 24) се менува и гласи:

„24) За **пазарни ризици** се сметаат:
- ризикот од вложувања во сопственички инструменти коишто се дел од портфолиото за тргување;
- ризикот од вложувања во должнички инструменти коишто се дел од портфолиото за тргување, и
- ризикот од надминување на лимитите на изложеност коешто произлегува од позиции во портфолиото за тргување.“

Во потточката 31) се бришат зборовите: „во портфолиото за тргување“.

Потточката 32) се менува и гласи:

„32) **Ризикот од другата договорна страна** е ризик дека другата договорна страна нема да ги намири своите парични обврски кон банката врз основа на финансиски инструменти, пред или на датумот на порамнувањето.“

2. Во точката 27, ставот 1 се менува и гласи:

„ Капиталот потребен за покривање на ризиците претставува збир на:
- капиталот потребен за покривање на кредитниот ризик утврден согласно со главата VI од оваа одлука;
- капиталот потребен за покривање на валутниот ризик утврден согласно со главата VII од оваа одлука;
- капиталот потребен за покривање на пазарните ризици, утврден согласно со главата VII од оваа одлука;

- капиталот потребен за покривање на ризикот од порамнување/испорака, утврден согласно со главата VIII-а од оваа одлука;
- капиталот потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна, утврден согласно со главата VIII-б од оваа одлука;
- капиталот потребен за покривање на ризикот од промена на цените на стоките, утврден согласно со главата IX од оваа одлука; и
- капиталот потребен за покривање на оперативниот ризик, утврден согласно со главата X од оваа одлука.‟

3. Во точката 66, по ставот 4 се додава нов став 5 којшто гласи:

„Банката е должна да ги применува одредбите од ставот 4 од оваа точка на потрошувачките кредити со договорен рок на достасување еднаков или подолг од осум години одобрени по 1 јануари 2016 година, вклучувајќи ги и потрошувачките кредити кај кои банката го продолжила рокот на достасување по 1 јануари 2016 година, при што вкупниот рок на достасување на кредитот, утврден како збир на договорниот рок на достасување на 1 јануари 2016 година и на сите продолжувања на рокот на достасување на кредитот, е еднаков или подолг од осум години.‟

4. Во точката 110, ставот 1 се менува и гласи:

„Капиталот потребен за покривање на пазарните ризици претставува збир на:

1) капиталот потребен за покривање на позицискиот ризик, како збир на:
    - капиталот потребен за покривање на ризикот од вложувања во должнички инструменти, утврден согласно со главата VIII.3 од оваа одлука, и
    - капиталот потребен за покривање на ризикот од вложувања во сопственички инструменти, утврден согласно со главата VIII.4 од оваа одлука, и
2) капиталот потребен за покривање на надминувањето на лимитите на изложеност, утврден согласно со главата VIII.5 од оваа одлука.‟

5. Во точката 112, ставот 2 се менува и гласи:

„Банката може да го изврши нетирањето од ставот 1 од оваа точка, доколку станува збор за:

- долги и кратки позиции во ист финансиски инструмент издаден од едно лице;
- долги и кратки позиции во различни финансиски инструменти издадени од едно лице, само доколку финансиските инструментите се со еднаков приоритет на наплата (англ. seniority) или финансиските инструменти во кои банката има кратка позиција се со понизок приоритет на наплата од инструментите во кои банката има долга позиција.‟

6. Во точката 120, зборовите: „портфолио на финансиски инструменти (англ. collective investment units), се заменуваат со зборовите: „удели во инвестициски фондови (англ. collective investment undertakings).

7. Точката 139 се менува и гласи:

„139. Капиталот потребен за покривање на надминувањето на лимитите на изложеност се добива со вклучување на оние позиции во должнички инструменти и сопственички инструменти коишто имаат највисок специфичен ризик, согласно со главите VIII.3 и VIII.4 од оваа одлука, на трансакциите со должнички инструменти, сопственички инструменти, валути и стоки за кои се утврдува капитал за покривање на ризикот од порамнување/испорака, утврден согласно со главата VIII-а од оваа одлука, како и на финансиските инструменти за кои се утврдува капитал потребен за покривање на ризикот од другата договорна страна, утврден согласно со главата VIII-б од оваа одлука."

8. Бројот и насловот пред точката 142 се менува и гласи:

„VIII-а. КАПИТАЛ ПОТРЕБЕН ЗА ПОКРИВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ПОРАМНУВАЊЕ/ИСПОРАКА"

9. Во точката 143, зборовите: „позиција од портфолиото за тргување", се заменуваат со зборот: „трансакција".

10. Бројот и насловот пред точката 145 се менува и гласи:

„VIII-б. КАПИТАЛ ПОТРЕБЕН ЗА ПОКРИВАЊЕ НА РИЗИКОТ ОД ДРУГАТА ДОГОВОРНА СТРАНА "

11. Во точката 145 став 1 воведна реченица, зборовите: „групи позиции", се заменуваат со зборовите: „финансиски инструменти".

Ставот 2 се брише.

12. Во точката 148, бројот: „147", се заменува со бројот: „146".

13. Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

По исклучок на ставот 1 од оваа точка, точките 3, 6 и 12 од оваа одлука, ќе почнат да се применуваат од 30 септември 2019 година.

**О бр._____/___**
**_______ 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**